РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2240/1
19-06-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 33-та седница одржана на 11.06.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-3035/1 од 21.11.2025 година, оформен по анонимна пријава, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-3035/1 од 21.11.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на анонимен подносител, на ден 21.11.2025 година, е доставена пријава во која се изнесуваат сомневања за постоење на системска корупција, нетранспарентна распределба на јавни средства, прикривање на резултати и селективна примена на законите во Министерството ------, како и наводи поврзани со работењето на одредени спортски федерации, по што е оформен предмет број 12-3035/1 од 21.11.2025 година.

Во пријавата се наведува дека распределбата на средства од страна на Министерството ------- не се врши врз основа на јасно утврдени и јавно објавени критериуми, односно дека не постои или не е достапен подзаконски акт (правилник или методологија) со кој се уредува начинот на распределба на средствата на транспарентен и мерлив начин.

Во насока на утврдување на фактичката состојба, ДКСК се обрати до Министерството ------- за доставување на информации и податоци. Постапувајќи по барањето, Министерството достави известување бр. ------ од 16.12.2025 година, во кое се наведува дека спортските федерации се самостојни правни лица регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации и дека функционираат врз основа на начелото на автономија во своето работење и одлучување.

Во однос на наводите за внатрешната структура на спортските федерации, Министерството информира дека не располага со податоци за составот на органите на управување и надзор на одделни федерации, имајќи го предвид нивниот автономен правен статус.

Во однос на наводите за нетранспарентност при распределба на средствата, од доставените податоци не произлегува постоење на јавно објавен подзаконски акт со кој се утврдуваат поблиски критериуми и методологија за распределба на средствата.

Согласно член 23-а од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/2011, 51/2011, 64/2012, 148/2013, 187/2013, 42/2014, 138/2014, 177/2014, 72/2015, 153/2015, 6/2016, 55/2016, 61/2016, 106/2016 и 190/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/2019, 244/2019, 53/2024, 74/2024, 170/2024 и 59/2025), поблиските критериуми за распределување на средствата се уредуваат со правилник кој го донесува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот.

Законот го овластува министерот да ги пропише поблиските критериуми за распределба на средствата со подзаконски акт – правилник.

По анализата на доставените податоци и расположливата документација, ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се поткрепени со конкретни, проверливи и релевантни докази кои би укажале на постоење на коруптивно дејствување, злоупотреба на службена положба или друг облик на недозволено влијание во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Истовремено, дел од изнесените наводи се однесуваат на автономно функционирање на спортски федерации како самостојни правни лица, надвор од

директните надлежности на органот на државната управа во однос на нивното внатрешно управување.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК оцени дека наводите од пријавата не упатуваат на постоење на коруптивни дејствија или злоупотреба на службена положба во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што не се исполнети законските услови за натамошно постапување во рамки на нејзината надлежност, а постапувањето по предметот се запира.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: А.Ч., Претседател на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија